ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-146/12**

**Дата: 29.07.2009**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на децата, за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика – Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на децата, за 2005 година, и извршена е ревизија на успешност за заштита на деца и други облици на заштита за 2005 и 2006 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.
4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Љупчо Мешков, министер, за период од 31.08.2006 година до 26.07.2008 година
   - Џељаљ Бајрами, министер, за период од 31.07.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 18.05.2009-05.06.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Според наше мислење, финансискиот извештај - Биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно финансиката состојба на Министерство за труд и социјална политика – Сметка за приходи наплатени од органи – Заштита на децата, на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Министерство за труд и социјална политика – Сметка за приходи наплатени од органи – Заштита на децата, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

12. **Прифатени и корегирани состојби во Билансот на состојба, од страна на Министерството во текот на ревизијата**

Ревизијата предложи корекција на Позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во корист на зголемување на позициите - Материјални средства во подготовка и Пасивни временски разграничувања, за 29,605 илјади денари, поради погрешно евидентиран градежен објект кој сеуште не е пуштен во употреба.
Корекцијата е извршена со налог за книжење бр.10-010 од 01.01.2009 година.

**Овластен државен ревизор**

Скопје, 29.07.2009 година

## МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
### Сметка за приходи од самофинансирачки активности
### КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 7,295 | 7,184 |
| **Вкупно приходи** | **7,295** | **7,184** |
| **Расходи** | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 6,460 | 7,098 |
| **Вкупно капитални расходи** | **6,460** | **7,098** |
| **Вкупно расходи** | **6,460** | **7,098** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **835** | **86** |

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 835 | 85 |
| **Вкупно тековни средства** | **835** | **85** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 0 | 17,714 |
| Материјални средства во подготовка | 29,605 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **29,605** | **17,714** |
| **Вкупна актива** | **30,440** | **17,799** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 30,440 | 85 |
| **Вкупно тековни обврски** | **30,440** | **85** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 17,714 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **17,714** |
| **Вкупна пасива** | **30,440** | **17,799** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **17,714** | **-** | **17,714** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | 6,401 | - | **6,401** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | | | **-** |
| Корекции по ревизии | (6,401) | | **(6,401)** |
| **Намалување по основ на:** | **17,714** | **-** | **17,714** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 4,694 | | **4,694** |
| Корекции по ревизии | 13,020 | | **13,020** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **-** | **-** | **-** |